Врз основа на член 55 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Деканатската управа на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XVIII редовна седница одржана на 29. VI 2015 година, донесе

# ОДЛУКА
## за усвојување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за плати и надоместоци на плати на вработените на Филозофскиот факултет во Скопје

I

Се усвојува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за плати и надоместоци на плати на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Филозофски факултет - Скопје (Универзитетски гласник бр.301, 27 ноември 2014 година).

II

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од објавувањето во *Универзитетскиот гласник.*

III

По еден примерок од Одлуката да се достави до: деканот, продеканите, Одделението за материјално-финансиско работење, Одделението за општи, правни, персонални и наставни работи (2), секретарот и архивата на Факултетот.

**Декан**
**Проф. д-р Горан Ајдински,с.р.**

---

Врз основа на член 3 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.264/2013) и членовите 15 и 62 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 253/2013), Деканатската управа, на седницата одржана на 15.6.2015 год., ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за постапката за издавање на трудови на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Издавачката дејност на Факултетот се остварува во согласност со Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот *Св. Кирил и Методиј* во Скопје (во натамошниот текст: Правилникот на Универзитетот), а врз основа на оваа Одлука, Одлуката за висината на авторските хонорари за издавачката дејност на Универзитетот *Св. Кирил и Методиј* во Скопје (во натамошниот текст: Одлуката на Универзитетот) и Планот за издавачка дејност на Факултетот, што по предлог од Комисијата за издавачка дејност го донесува Деканатската управа во согласност со средствата планирани и обезбедени со годишен финансиски план на Факултетот.

**Член 2**

Со оваа Одлука се уредуваат специфичностите во постапката за издавање на учебници, збирки на задачи, скрипти, практикуми, упатства за вежби, информациони пакети за студентите, јубилејни изданија, годишници, студиски програми, списанија и други учебни помагала и научно-стручна литература (во натамошниот текст: трудови) од дејноста на Факултетот за електротехника и информациони технологии во Скопје (во натамошниот текст: Факултетот).

**Член 3**

Деканот и продеканите се постојани ченови на Комисијата за издавачка дејност (во натамошниот текст: Комисијата).

Во Комисијата од став 1 на овој член, Наставно-научниот совет избира уште двајца членови од редот на наставниците.

Секретар на Комисијата за издавачка дејност е секретарот на Факултетот.

По потреба, а во зависност од видот на трудот, можат да се формираат уреднички одбори и поткомисии.

**Член 4**

Средствата за издавачката дејност на Факултетот се обезбедуваат од:

– надлежни републички министерства;
– донатори, спонзори, соиздавачи и слично;
– непосредна соработка со стопанството;
– сопствени средства на Факултетот, наменски издвоени со финансиските планови;
– приходи од продадените изданија.

## II. ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ

**Член 5**

Постапката за издавање на трудовите утврдени во член 2 од оваа Одлука започнува со поднесување барање за започнување на постапката на пропишан образец со ИСО 9001:2008 (процедура ОК 7.5_10-1), а во согласност со Правилникот на Универзитетот.

**Член 6**

Наставно-научниот совет на Факултетот го разгледува барањето од член 5 на оваа Одлука со цел да ја утврди потребата за издавање на трудот и доколку утврди потреба, за трудовите што се рецензираат, избира најмалку двајца рецензенти, специјалисти од потесната научна област на која се однесува трудот.

Интерните скрипти и збирки на решени задачи, како учебни помагала, подлежат на рецензија.

Институтот, каде што припаѓа предметот на кој се однесува учебното помагало, од став 2 на овој член предлага двајца рецензенти кои пишуваат рецензија што ја разгледува Наставно-научниот совет на Факултетот.

Практикумите и упатствата за вежби се учебни помагала што не подлежат на рецензија.

Барањата за издавање (во печатена или во електронска форма) на учебни помагала од став 2 и 4 на овој член се доставуваат до Комисијата по претходно одобрување на институтот каде што припаѓа предметот на кој се однесува учебното помагало, со цел да се започне постапка за одобрување за нивно печатење или поставување на портал.

**Член 7**

Содржината, елементите и начинот на објавување и разгледување на рецензиите се утврдени со Правилникот на Универзитетот.

**Член 8**

Комисијата за издавачка дејност на Факултетот донесува одлука дали трудот што е позитивно оценет ќе го издаде Факултетот.

## III. КОМИСИЈА ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

**Член 9**

Комисијата за издавачка дејност на Факултетот се формира од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот, по предлог од деканот.

Комисијата од став 1 на овој член има задача:

- да изготвува план за издавачката дејност на Факултетот на почетокот од секоја календарска година;
- да препорачува кои изданија ќе се праќаат на Универзитетот заради објавување;
- да ја организира и да ја следи издавачката дејност на Факултетот;
- да учествува во изработката на финансиските планови за реализација на издавач ката дејност на Факултетот;
- да се грижи за распределбата на средствата од Фондот за издавачка дејност;
- да се грижи за обезбедувањето финансиски средства за печатење на прифатените трудови;
- да го определува редоследот по кој ќе се печатат трудовите;

- да се грижи за благовременото излегување на трудовите од печат;
- да ги разгледува извештаите од рецензентите и коригираните трудови и да проверува дали авторите постапиле по забелешките;
- да го определи тиражот на секој труд одделно;
- да ја утврди цената на секое издание одделно;
- да води грижа за продажбата и претставувањето (пласманот) на изданијата на Факултетот и сл.

**Член 10**

Комисијата за издавачка дејност работи на седници, што се свикуваат по потреба. Со работата на Комисијата раководи деканот.

Деканот е уредник на изданијата на Факултетот.

## IV. УРЕДУВАЊЕ НА ИЗДАНИЈАТА НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 11**

Обемот на авторските табаци на одделните изданија на Факултетот е ограничен и зависи од неделниот фонд на часови на предметот за кој тој е напишан, согласно со Правилникот на Универзитетот.

**Член 12**

Изданијата на Факултетот се печатат во стандарден формат Б-1/16 за учебници или во А-4 формат за учебни помагала.

**Член 13**

Секое рецензирано издание на Факултетот, освен оние од член 6 на оваа Одлука, задолжително на корицата содржи (редоследно): име и лого на Универзитетот, име и лого на Факултетот, име на авторот/авторите, наслов на трудот, место и година на издавањето.

Авторот дава предлог за графичко и ликовно решение за изгледот на корицата што го одобрува Комисијата за издавачка дејност.

Втората страница содржи: наслов на трудот, име на авторот/авторите, име на рецензентите и CIP-запис и ISBN - број (се добива во НУБ „Климент Охридски“ - Скопје).

Последната страница ги содржи следниве податоци: автор/автори, наслов на трудот, издавач, лектор, техничко и графичко уредување, извори на финансирање и спонзори, печатница, тираж, година и место на издавање.

На ’рбетот на изданието задолжително стои: наслов на трудот и име на авторот/авторите.

**Член 14**

Секое отпечатено учебно помагало утврдено со член 6 од оваа Одлука задолжително на корицата содржи (редоследно): име и лого на Универзитетот, име и лого на Факултетот, име на авторот/авторите, наслов на трудот, предмет за кој е наменето, година на печатењето.

## V. АВТОРСКИ И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ

**Член 15**

Надоместоците на авторите, рецензентите и другите соработници се пресметуваат според авторски табак согласно со Одлуката на Универзитетот.

На авторите на учебните помагала што не подлежат на рецензија не им следува надоместок за авторство.

**Член 16**

Надоместоците на авторите на трудови во издание на Факултетот се исплаќаат за најмногу 20 авторски табаци.

Надоместоците од став 1 на овој член се исплаќаат до 50% согласно со Одлуката на Универзитетот. Останатите средства се испаќаат доколку авторот обезбеди средства од други извори.

Надоместокот на рецензентите на учебниците изнесува 20 бода по авторски табак, а надоместокот на рецензентите на другите трудови изнесува 15 бода по авторски табак.

Вредноста на бодот од став 3 на овој член е еднаква на вредноста на бодот за исплата на платите на вработените на Факултетот.

**Член 17**

Авторите на трудовите се должни да го предадат текстот на трудот подготвен за печатење до Комисијата, по претходно одобрување од институтот каде што припаѓа предметот на кој се однесува учебното помагало.

**Член 18**

Авторите добиваат бесплатно 15 примероци од отпечатениот рецензиран труд.

## VI. УТВРДУВАЊЕ НА ПРОДАЖНАТА ЦЕНА НА ОТПЕЧАТЕНИОТ ТРУД

**Член 19**

Продажната цена на отпечатениот примерок, изразена во денари, се формира врз основа на печатарските трошоци, трошоци за авторски хонорар, лекторирање, пласман и продажба, финансиско-евиденциони и режиски работи, како и други надоместоци и пресметани давачки.

Продажната цена од став 1 на овој член се утврдува од страна на Комисијата за издавачка дејност на Факултетот.

**Член 20**

Средствата од продадените трудови се водат (книжат) во Фондот за издавачка дејност на Факултетот.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 21**

Факултетот склучува договор со авторот/авторите за издавање на трудот со кој се регулираат заемните права и обврски и му се пренесува издавачкото право на Факултетот за трудот што се издава.

**Член 22**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Правилникот за издавачка дејност на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје од 30 мај 2007 година.

**Член 23**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во *Универзитетскиот гласник.*

**Декан**
**Проф. д-р Миле Станковски, с.р.**

---

Врз основа на член 56 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 269 од 18.11.2013 година), Деканатската управа на Факултетот, на седницата одржана на 6.7.2015 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

## за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Факултет за ветеринарна медицина - Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Факултет за ветеринарна медицина - Скопје (*Универзитетски гласник* бр. 223 од 18 јули 2012 година – пречистен текст).

Во точката 2 од Анексот на Одлуката - Висина на основната плата на Стручната и административна служба и на другите вработени во институтите, во алинејата 15 – Телефонист, бројот „1993" се заменува со бројот „2993".

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во *Универзитетскиот гласник* на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Декан**
**Проф. д-р Владимир Петков, с.р.**